# CCBE*Info*

# # 81

*Април – мај 2019 година*


- Пленарна седница на CCBE во Порто.
- Манифест на CCBE за Европските избори во 2019 година
- Конференција во Букурешт: е - Правда – Предизвици и можности во дигиталната ера
- Конференција - “е” на средба со правдата
- Одбрана за бранителите: Европските адвокати бараат од турската влада да го прекине прогонувањето на адвокатите
- Дијалог за човековите права помеѓу ЕУ и Кина
- Германската адвокатска комора го избра својот нов Претседател




## ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА НА CCBE ВО ПОРТО

**CCBE ја одржа својата Пленарна седница на 17 мај во Порто.** Пленарната седница започна со двете воведни излагања на Нуно Атаиде, Претседател на Апелациониот суд во Порто и Пауло Пимента, Претседател на Регионалниот совет на Адвокатската комора на Португалија во Порто и член на Венецијанската комисија, кој ја потенцираше основната улога на адвокатската професија и суштинската важност на потребата да се заштити владеењето на правото во ова време на предизвици.



Пленарна седница на CCBE во Порто.

Беа најавени и некои идни настани, како на пример **CCBE Работилницата за ефектите на законите за борба против перењето пари и даночните закони во однос на привилегираноста на правната професија**, која треба да се одржи на 27 јуни во Брисел, како и **Заедничката конференција за саморегулирање на CCBE-FBE**, која треба да се одржи на 25 октомври во Лисабон.

Делегациите беа информирани и за најновите вести во врска со заедничкиот **Натпревар за млади правници организиран од страна на ERA-CCBE**. Поднесувањето на пријавите започнува од 1 јуни 2019 година, за натпреварот за 2019-2010 година. Овој натпревар има за цел, на едно место да ги собере идните адвокати од различните европски држави, во време кога истите го добиваат своето основно образование, за да можат да споделуваат заеднички вредности, да разменуваат нови искуства и да дискутираат за новите перспективи во заедничките области од интерес. Градењето на единствена европска правна култура и негувањето на вредната синергија меѓу стручните лица од правната сфера од различните држави членки ќе придонесат кон зајакнување на слободите, безбедноста и правдата во ЕУ. Повеќе информации можете да најдете на веб страницата на проектот, достапна на следнава интернет адреса: https://younglawyerscontest.eu/.

CCBE усвои одредени измени и дополнувања на коментарите во однос на Начелото е) од Повелбата на CCBE за основните начела за европската правна професија, кои се однесуваат на адвокатската професионална стручност. Имајќи ја предвид сè поголемата употреба на вештачката интелигенција и другите релевантни технологии од страна на адвокатите, коментарот кон Начелото е) од Повелбата беше проширен со уште една реченица, која вели дека адвокатите треба да се запознаени со придобивките и ризиците поврзани со употребата на релевантните технологии во нивната работа. Освен тоа, без направени и некои дополнителни измени во оригиналниот текст на коментарот – погледнете го изданието на Повелбата на CCBE од 2019 година, достапно на следнава интернет адреса: https://www.ccbe.eu/fileadmin/speciality_distribution/public/documents/DEONTOLOGY/DEON_CoC/EN_DEON_CoC.pdf.

На пленарната сесија се искористи и можноста, сите делегации да се запознаат со тешката ситуација со која во моментов се соочува Европската адвокатска иницијатива на Лезбос (ELIL) поради недостатокот на финансиски средства. Како резултат на истата, ELIL беше принудена да ги прекине сите свои активности до крајот на месец април. Сепак, по неодамнешните најави за одредени великодушни донации од страна на повеќе адвокатски комори и адвокатски здруженија, се надеваме дека ELIL наскоро ќе биде во состојба да ги продолжи своите активности. Досега, ELIL има обезбедено бесплатна правна помош за повеќе од 9,000 лица, благодарејќи на учеството на 144 доброволци, европски адвокати за азил – кои работеа паралелно со постојаниот тим на адвокати за азил од Грција, кој беше ангажиран со полно работно време. Проектот ја докажа својата ефикасност: 74.5% од оние што добиле помош од ELIL добиле и азил, во споредба со просечната стапка од 46.5% во Грција. Ве молиме, за повеќе информации, погледнете ја веб страницата на ELIL достапна на следнава интернет адреса: https://www.europeanlawyersinlesvos.eu/.

На пленарната седница беа разменети и мислења во однос на неколку други тековни прашања, како на пример владеењето на правото, е - правдата, дигиталните средства, Европскиот деловен кодекс, предложената Европска конвенција за адвокатската професија итн.

## МАНИФЕСТ НА CCBE ЗА ЕВРОПСКИТЕ ИЗБОРИ ВО 2019 ГОДИНА




**Како и за време на претходните европски избори, CCBE објави Манифест, кој ги потенцира главните прашања што предизвикуваат загриженост и некои од проактивните предлози на членовите на правната професија во Европа, во врска со организацијата на правосудните системи и почитувањето на владеењето на правото. Во ова издание за 2019 година, акцентот во Манифестот е воглавно ставен врз почитувањето на владеењето на правото.** Причината за ова е очигледна – секојдневно во Европа, сведоци сме на сè помал степен на почитување, па дури и сè поголем недостаток на познавања за начелото на владеење на правото. Европските институции започнаа со разгледување на оваа загрижувачка ерозија на владеењето на правото. CCBE сака да даде активен придонес во активностите кои ги презема Комисијата и посочува повеќе различни ситуации во кои практикувањето на адвокатската професија трпи директно негативно влијание поради ерозијата на основните начела за владеење на правото.

**Од овие причини, во Манифестот најпрво се повикува обединување на сите овластувања во однос на владеењето на правото, правдата и субјектите од правосудниот сектор, во рамки на мандатот на еден единствен Комесар, по можност на ниво на Потпретседател на Комисијата.** Правосудниот систем е форумот во рамки на кој треба да се говори за сите повреди на владеењето на правото, а често овие прашања ги поставуваат токму адвокатите. Од исклучителна важност е да се следат сите иницијативи во правосудниот систем и веднаш да се реагира, секогаш кога таквите иницијативи можат да имаат негативен ефект врз пристапот до независни адвокати или судии. Комбинирањето на одговорностите за владеењето на правото и правосудството во еден сектор ги зголемува “способностите за рано предупредување” на Комисијата и ѝ овозможува веднаш да реагира во однос на настанатата ситуација и тоа да го стори уште во многу рана фаза.

**Второ, во Манифестот се повикува на почитување на независноста на сите субјекти во рамки на правосудниот систем; на независноста на судиите и обвинителите, очигледно, меѓутоа, исто така и онаа на адвокатите.** Со цел, да се гарантира правото на фер и правично судење, не е доволно да се гарантира само независноста и непристрасноста на судиите, туку и независноста на – и отсуството на било какви несоодветни влијанија врз – оние што ги бранат интересите на правните и физичките лица и кои постапуваат по предметите во судовите и пред судиите, а тоа се адвокатите.

Постои една сè поголема и загрижувачка тенденција на запоставување на правото на поединците и субјектите за ангажирање на адвокат по сопствен избор, кој ќе ги советува во однос на нивната конкретна ситуација, како и на правото на одбрана и бранител, како во судниците, така и во другите постапки вон судовите. **Целта на Манифестот е да ја подигне свеста за овој ризик и ги повикува европските институции да обезбедат ова право да им биде гарантирано на сите поединци во било кој момент во постапките.**

Кога физичките или правните лица се консултираат со адвокати, во обид да ја проценат правната ситуација во која се наоѓаат или за потребите на застапување или одбрана на нивните интереси, адвокатите имаат задолжителна професионална обврска да ги чуваат како тајна, односно да не ги споделуваат информациите што им се дадени од нивните клиенти. Оваа обврска е вградена во основните човекови права, или поконкретно во правото на приватност, фер и правично судење и правично раздавање на правдата, како во судовите, така и надвор од нив. Доколку ја оспоруваме оваа задолжителна обврска на адвокатите за чување на информациите, ние всушност ги оспоруваме овие основни права. За жал, во пракса, ова се случува сè почесто. **Повторно, Манифестот ја подига свеста за оваа ерозија на основните права во неодамна донесената легислатива и бара да се посвети посебно внимание на овие права**

**и обезбеди поголема почит за адвокатската обврска за чување на споделените информации.**

Во Манифестот се говори и за некои конкретни прашања, како на пример:

- Потребата за понатамошно развивање на процесните мерки за заштита во кривичните постапки и оценка на спроведувањето на постојните заштитни мерки;
- Потребата за воведување решенија со помош на вештачката интелигенција за потребите на луѓето во сферата на правосудството;
- Еднаков третман и еднаквост на оружјето во рамки на политиката на ЕУ за обука на судиите;
- Утврдувањето на правната помош како стандардна мерка за хуманитарната помош; и
- Воспоставување на е - Кодекс како вообичаен механизам за стандардизирана и безбедна размена на преку гранични информации помеѓу државите членки за потребите на судските постапки.






## КОНФЕРЕНЦИЈА ВО БУКУРЕШТ: Е - ПРАВДА – ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

**На 2 и 3 мај, CCBE учествуваше на конференцијата под наслов “е – Правда – Предизвици и можности во дигиталната ера” организирана од страна на романското Министерство за правда, во контекст на романското претседателство со Советот на Европската Унија и Комисијата.**

Целта на конференцијата беше да се развие дискусија помеѓу ИТ експертите, практичарите и луѓето што ги носат одлуките во рамки на правосудните системи, во врска со можностите и предизвиците што со себе ги носи брзиот ритам на технолошкиот напредок, како и за филозофските и етички аспекти поврзани со имплементацијата на таквите инструменти во правосудната сфера.

За таа цел, се одржаа различни панел дискусии на кои се дискутираше за различните аспекти на е – Правда, како на пример, за Европскиот акциски план за е – Правда за 2019-2023 година, Европскиот систем за дигитална размена на е - докази, решенијата од приватниот сектор, правните и етичките прашања, вештачката интелигенција, Блокчејн трансакциите, роботската процесна автоматизација итн.

Тиери Викерс, Претседателот на Комитетот на CCBE за Иднината на адвокатската професија и адвокатските услуги, го претставуваше CCBE во панел дискусијата на тема “Употреба на технологиите на вештачка интелигенција во правосудната сфера”. Во својата презентација, тој ги потенцираше активностите кои CCBE ги има спроведено во однос на вештачката интелигенција. Навистина, освен CCBE Конференцијата за вештачка интелигенција и хумана правда која се одржа во Лил минатиот ноември, CCBE учествуваше и во формулирањето на Европската етичка повелба за употреба на вештачката интелигенција во правосудните системи и нивното опкружување, усвоена од страна на CEPEJ минатиот декември. CCBE е исто така членка и на Експертската група на Комисијата за одговорност и нови технологии, која во 2017 година објави електронска книга под наслов “Иновативност и иднината на адвокатската професија во Европа” во која се дава критична оценка за можностите и заканите со кои ќе се соочува адвокатската професија и нашите правосудните системи во следните неколку години.

Во врска со употребата на вештачката интелигенција од страна на судовите, CCBE ја потенцира потребата за постоење на етички стандарди и основни начела, како против рамнотежа за потенцијалниот попречувачки ефект што вештачката интелигенција може да го има врз законските судски процеси, а најмногу во однос на непристрасноста, транспарентноста, правичноста и законитоста на судските постапки.

## КОНФЕРЕНЦИЈА - “Е” НА СРЕДБА СО ПРАВДАТА

На 2 и 3 мај, CCBE учествуваше на конференцијата “е” на средба со правдата организирана од страна на проектот е - Кодекс Плус и проектот ‘Градење на граѓанската правда на ЕУ’. На овој настан на едно место се собраа академските граѓани, ИТ експертите и другите стручни лица од правната сфера, за да дискутираат за можните начини за подобрување на соработката помеѓу разните чинители во граѓанските преку гранични постапки од електронски карактер. Поконкретно, се разменуваа идеи за понатамошен развој за е - правдата, фокусирајќи се на е – Кодекс како потенцијална алатка за подобрување на сегашната состојба.

Дигитализацијата, која сега масовно е во тек, поставува одредени предизвици поврзани со развојот на е - трговијата за потрошувачите и сè поголемиот број на прекугранични (онлајн) трансакции, кои пак, резултираат во сè поголем број прекугранични (онлајн) спорови. Во еден таков контекст, пристапот до правдата и соодветните механизми за надомест на штета станува потежок, поради постоењето на повеќе пречки поврзани со прекуграничната природа на барањата, како на пример, јазичните разлики, зголемените трошоци, подолгите постапки и постоењето на многу различни видови судски постапки.

Од тие причини, прашањето на адаптација на правосудните системи е од суштинско значење за задоволување на барањата на граѓаните. Иако постојат безброј начини за остварување на оваа цел, едно нешто е сигурно: електронската комуникација помеѓу субјектите вклучени во судските постапки стана суштинска компонента за ефикасното функционирање на судството во рамки на државите членки, како и меѓу нив самите. Затоа, градењето соодветна структура за е - правда е од суштинско значење. Во таа смисла, е - Кодексот може да претставува вредна алатка која овозможува дигитална размена на податоци поврзани со конкретниот случај, поврзувајќи ги странките и судови преку една единствена врска.

Од самиот почеток, CCBE ги поддржуваше иницијативите на ЕУ во сферата на е - правдата, преку учество во повеќе различни европски проекти, вклучувајќи го и понатамошниот развој на проектот Најди адвокат, Ме - Кодекс и проектите ДОКАЗИ2е-КОДЕКС. Всушност, технологијата и иновациите во правосудната сфера сè побргу стануваат теми од особен интерес за CCBE, додека развојот на прекуграничните алатки и платформи за е – правда ќе имаат големо влијание врз работата на адвокатите. Претставниците на CCBE се цврсто уверени дека алатките за е – правда, доколку истите се развиваат и користат на соодветен начин, можат да го подобрат работењето на адвокатите и квалитетот и брзината на раздавање на правдата.

Во овој контекст, во своето воведно излагање, г-дин Хозе де Фреитас, Претседателот на CCBE, потенцираше некои од прашањата кои мораат да бидат земени предвид и разрешени со новиот систем за е - правда, доколку очекуваме тој да одигра соодветна улога во правосудните системи на напредните општества, односно, на пример, дигиталните постапки треба да им бидат од помош на сите странки во судската постапка, а не само во полза на една и на штета на останатите странки. Системите за е – правда треба да им овозможат на адвокатите во најмала рака да можат да ги практикуваат сите нивни процесни права кои ги уживале и претходно во рамки на хартиените системи, притоа земајќи ги предвид нивните деонтолошки и законски обврски.

Во текот на самиот настан, CCBE организираше и една работилница со која раководеше Симон Куомо (Виш правен советник на CCBE), во текот на која се разгледуваа можните начини за обезбедување поефективни и поефикасни средства за комуникација помеѓу адвокатите и судовите. За таа цел, Кател Друе-Басо (Претседател на Комисијата за семејно и наследно право на CCBE), презентираше повеќе различни сценарија во сферата на прекуграничното семејно право, во контекст на Бриселската Регулатива 2 за судска надлежност и меѓусебно признавање и извршување на пресудите во брачни спорови и во сферата на родителската одговорност.

За повеќе информации во врска со ова прашање, погледнете ги презентациите од конференцијата, достапни на следнава интернет адреса: https://www.e-codex.eu/emeetsjusticepublications.

## ОДБРАНА ЗА БРАНИТЕЛИТЕ: ЕВРОПСКИТЕ АДВОКАТИ БАРААТ ОД ТУРСКАТА ВЛАДА ДА ГО ПРЕКИНЕ ПРОГОНУВАЊЕТО НА АДВОКАТИТЕ

На 5 април, по повод Денот на адвокатите во Турција, CCBE и уште 40-тина адвокатски организации и комори / адвокатски здруженија објавија заедничко соопштение во однос на ситуацијата во која се наоѓаат адвокатите во Турција. Овие организации најостро го осудија тековното прогонување на адвокатите во Турција и побараа од турската влада да ги ослободи сите адвокати, кои биле незаконски притворени поради извршувањето на нивните професионални обврски и активности.

Откако турската влада прогласи вонредна состојба по неуспешниот обид за државен преврат на 15 јули 2016 година, се засили и прогонувањето на адвокатите. Од месец јули 2016 година, подигнати се кривични обвиненија против 1,546 адвокати, а речиси 600 од нив биле лишени од слобода, додека за 274 адвокати се донесени осудителни пресуди со изрека на долгорочни затворски казни – просечната изречена казна изнесува седум години. Овие адвокати, кои едноставно само се обидуваат да си ги завршат своите професионални активности, најчесто кривично се гонат, се апсат и казнуваат поради наводни обвиненија за сторени дела од сферата на тероризмот, за кои, Кривичниот законик во Турција предвидува затворски казни од седум и пол до дваесет години.

Во соопштението се наведува дека ваквите постапки значат повреда на неколку европски и меѓународни правни документи, како на пример, Препораката на Советот на Европа за слободата во извршувањето на адвокатската професија, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Основните правила за улогата на адвокатите на Обединетите нации.

На 10 април, организацијата Хјуман Рајтс Воч објави извештај за оваа состојба насловен како “Адвокатите пред суд: Злонамерен прогон и ерозија на правата за фер и правично судење во Турција”, достапен на следнава интернет адреса: https://www.hrw.org/sites/default/files/report_pdf/turkey0419_web.pdf. Извештајот содржи неколку препораки адресирани до турската влада, Сојузот на турски адвокатски комори и Адвокатските здруженија во различните провинции, до Европската унија и нејзините држави членки плус Норвешка, до Советот на Европа, Специјалниот Известител на Обединетите нации за независноста на судиите и адвокатите, како и до адвокатските комори и здруженија во Европа, Канада и САД.

## ДИЈАЛОГ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПОМЕЃУ ЕУ И КИНА

На 2 април, CCBE учествуваше во дискусиите на една тркалезна маса организирана од граѓанските организации, во рамки на 37-мата рунда од дијалогот за човековите права помеѓу ЕУ и Кина. Со состанокот претседаваше Паола Пампалони, Заменик директор на Европската служба за надворешни активности (EEAS) задолжена за Азија и Пацификот, а на истиот присуствуваа и неколку службеници од EEAS, како и невладини организации активни во сферата на човековите права. За жал, кинеската делегација не учествуваше на тркалезната маса.

CCBE беше претставувана од страна на еден од нејзините експерти и член на Комисијата за човекови права, г-дин Базил Адер, инаку Потпретседател  на Адвокатската комора на Париз, кој зборуваше за тековните напади против кинеските адвокати, вклучувајќи ги и нивните апсења без судски постапки и без информирање на нивните семејства, како и за случаите на тортура.

Претставниците на EEAS посочија дека делегацијата од Кина е веќе запознаена со проблематичните прашања на влошената ситуација во Кина, од аспект на почитувањето на граѓанските и политичките права, олицетворени преку лишувањето од слобода и притворањето на значителен број бранители на човекови права и адвокати. Беа посочени и неколку поединечни случаи, како на пример оние на адвокатите Wang Quanzhang, Yu Wensheng, Li Yuhan, Zhou Shifeng, Xia Lin и Gao Zhisheng.

Погледнете го соопштението за јавноста на EEAS достапно на следнава интернет адреса: https://eeas.europa.eu/topics/external-investment-plan/60561/european-union-and-china-held-their-37th-human-rights-dialogue.en.

CCBE одблизу ја следи состојбата со адвокатите во Кина и ќе продолжи и понатаму да бара од тамошните власти да им го гарантираат правото на адвокатите во Кина да си ги извршуваат своите професионални должности без никаков страв од евентуални одмазди, попречувања, заплашувања или вознемирување, со цел, да се заштити и зачува независноста и интегритетот на правосудниот систем.

## ГЕРМАНСКАТА АДВОКАТСКА КОМОРА ГО ИЗБРА СВОЈОТ НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ



Едит Киндерман е новата Претседателка на германската Адвокатска комора (DAV). Таа е прв адвокат и нотар жена, која беше избрана на највисоката функција во DAV на 23 март 2019 година. Едит Киндерман има 56 години и работи како адвокат уште од 1992 година. За време на нејзиниот претседателски мандат, таа планира да се фокусира врз измените на правилата во однос на адвокатските тарифи, за да се обезбеди правилна награда за адвокатските услуги, како и врз реформите на професионалните прописи што ја регулираат адвокатската професија. Таа ќе се обиде да се справи со уште голем предизвик, односно сѐ поголемата дигитализација на пазарот на адвокатски услуги. Освен тоа, таа сака да го одбрани и подобри пристапот до правдата за сите граѓани. Едит Киндерман е Претседател и на Комисијата за адвокатска тарифа на DAV, како и член на Извршниот одбор на германската адвокатска комора уште од 2011 година.

▷ **Европски суд за човекови права**

Од 5 мај, Европскиот суд за човекови права има нов Претседател : Линос Александре Сицилианос (од Грција) го замени дотогашниот Претседател Гвидо Рајмонди (од Италија). Линос Александре Сицилианос е судија во Европскиот суд од 2011 година, а во периодот од 2017 до 2019 година тој бил и Потпретседател на Судот.

Пленарниот состав на Судот го бира својот Претседател за период од три години. Претседателот заседава со Пленарните седници на Судот, седниците на Големиот судечки совет, како и со седниците на петочлените судечки совети.



## СЛЕДНИ НАСТАНИ

| | |
|---|---|
| *27.06.2019* | *CCBE Работилницата за ефектите на законите за борба против перењето пари и даночните закони во однос на привилегираноста на правната професија* |
| *27.06.2019* | *Летен прием на CCBE* |
| *28.06.2019* | *Состанок на Постојаниот комитет во Брисел* |
| *13.09.2019* | *Состанок на Постојаниот комитет во Копенхаген* |
| *24.10.2019* | *Состанок на Постојаниот комитет во Лисабон* |
| *25.10.2019* | *Заедничка конференција на CCBE - FBE за саморегулирање во Лисабон* |